OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 20 април 2015

## БАНКА ПЛУС ОСИГУРУВАЊЕ

## ОХРИДСКА БАНКА ВОВЕДЕ ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА СМЕТКА

**По кредитното животно осигурување, воведено пред две години, и осигурувањето на картички лансирано во февруари оваа година, Охридска банка го обновува протфолиото на производи со осигурување, преку воведување на осигурувањето на пречекорување на сметка.**

Отсега Охридска банка им овозможува на клиентите осигурување на пречекорувањето на трансакциска сметка кое ги покрива ризиците од смрт како резултат на несреќа и на болест и трајна и целосна загуба на способноста како резултат на несреќа.

Во случај на осигурен настан, осигурителната компанија ќе ги подмири обврските од пречекорувањето на сметката кои клиентот ги има кон Банката.

Премијата изнесува **до 23 денари месечно**, фиксен износ којшто се наплатува директно од трансакциската сметка на клиентот.

Ова е **уникатна понуда на пазарот** воведена за првпат од Охридска банка и таа вклучува бројни предности:

- **поголема сигурност**
- **заштита на семејството** од оптоварување со долгови на најблиските
- **брзо и лесно аплицирање** – одобрување во рок од еден ден
- **едноставен начин на плаќање** – месечна наплата директно од трансакциската сметка на клиентот

Користејќи ги придобивките од експертизата на Сосиете Женерал во банкарско осигурување, Охридска банка им нуди на клиентите финансиски услуги плус осигурување на едно место. Со збогатување на портфолиото на производи со осигурување, Охридска банка дополнително го потенцира принципот на одговорно кредитирање и искрено советување во интерес на клиентите.

За подетални информации во врска со осигурувањето на пречекорување, клиентите можат да ги посетат експозитурите на Банката и веб-страницата www.ohridskabanka.mk.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013